Фонд за здравствено осигурување на Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Maqedonisë së Veriut

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
FONDI PËR SIGURIM SHËNDETËSOR I
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр./Nr. 08-15458/2
- 4 -11- 2022 год./viti
СКОПЈЕ/SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ
# ОД ИЗВРШЕНА ВОНРЕДНА КОНТРОЛА НА
# ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕТСКА ХИРУРГИЈА - Скопје

**Октомври - ноември 2022**

Фонд за здравствено осигурување
...ија
Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

[1] 08-15458/2 [2022]

**ИЗВЕШТАЈ**

**Од извршена вонредна финансиска контрола во**

**ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија - Скопје**

Вонредната финансиска контрола е извршена по добиен писмен налог број 08-15458/1 со дата 19.10.2022 година, од директорот на Сектор за финансиски прашања, со работна задача - контрола на пресметана и исплатена плата на медицински и организациски директор во ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија - Скопје за период од јануари до септември 2022 година.

Согласно член 54, точка 12 и 13 и членовите 68 и 71 од Законот за здравствено осигурување, како и одредбите од Договорот за уредување на меѓусебните односи на здравствените установи со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст Фондот), вонредната финансиска контрола е извршена од овластените финансиски контролори Горан Симоновски и Сатки Деари.

Контролата е започната на 20.10.2022 година, во просториите на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија - Скопје.

**Основни податоци за раководството и овластеното лице од установата:**

| Менаџмент | Име и презиме | Статус | Назначен од |
|---|---|---|---|
| Медицински директор | Проф. Д-р Сци. Лазар Тодоровиќ | Директор | 14.10.2019 год. Реш.бр.11-6848/3 (разрешен со Решение бр. 112141/3 од 16.03.2022 год.) |
| | Доц. Д-р. Сци. Славица Литајковска | ВД Директор | 16.03.2022 год. Реш.бр.11-2305/1 |
| Организациски директор | Дипл. прав. Елмедин Асани | ВД Директор | 01.06.2021 год. Реш.бр. 11-4541/1 |

Овластено лице од установата задолжено за доставување на информации во текот на контролата:

Име и презиме: Стојановски Петре

Функција: Раководител на сектор за финансии

Телефон за контакт: 078 498 900

Директорите немаат менаџерски договори.

Платите во ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија - Скопје се пресметуваат по Поединечен колективен договор (ПКД), дел за плата други права по основа на плата и надоместоци на плата. По овластување од Министерство за здравство, заведено во министерството под архивски број 17-110/1 со дата 02.01.2020 година, ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија - Скопје и Самостојниот синдикат на вработените во универзитетските клиники, центри, клинички болници и други ЈЗУ потпишале Анекс за изменување и дополнување на ПКД заведен под број 0101-23/1 со дата 02.01.2020 година, како и Анекс за изменување и дополнивање на ПКД заведен под број 0101-195/2 со дата 12.02.2020 година по овластување од Министерство за здравство, заведено во министерството под архивски број 17-1665/1 со дата 12.02.2020 година.

Во здравствената установа, во контролираниот период, организирана е работа со дежурство но на контролата не и беше дадена на увид, односно ЈЗУ нема согласност од Министерство за здравство за обезбедување непрекинато вршење здравствена дејност со работа со дежурство.

Во контролираните пресметки не е констатирано зголемување на основната плата заради работа во услови потешки од нормалните за соодветното работно место. Одобрение, односно согласност од Министерството за труд и социјална политика за зголемување на основната плата заради работа во услови потешки од нормалните за соодветното работно место на контролата не и беше дадена на увид, односно нема (ЈЗУ има Согласност од Републички комитет за труд, здравство и социјална политика, заведено под архивски број 03-1070 со дата 29.09.1989 година, со кој на работниците во ООЗТ Клиника за хируршки болести им се дава согласност со самоуправен општ акт да можат да утврдат скратување на работното време.).

Доставена е електронска евиденција за присуство на работа на медицинскиот директор. Истата е повремена и нецелосна. За организацискиот директор не е доставена електронска евиденција за присуство на работа.

За планирање на часовите поминати на дежурство и приправност, за секој одделен месец, од јануари до септември, на контролата и се доставени документи “Список за дежурства” и “Список за приправност”во кој се наведени сите лица кои дежураат или се приправни, по денови во соодветниот месец. На овие списоци има потпис од директорот и печат на ЈЗУ.

Дежурствата се евидентирани во рапортна книга во која се наведуваат лицата кои дежурале. Освен првичниот месечен распоред за приправност на контролата не и е даден друг документ за евиденирање на истата.

**Медицински директор - Решение за плата број 0402-271/2 со дата 28.02.2020 година**

| Вредност на бод 14.090 | јануари | февр. | Март (до 16.03,2022) |
|---|---|---|---|
| **Број на ефективни часови** | 147 | 140 | 161 |
| коефициент на сложеност: | 8,070 | 8,070 | 8,070 |
| О минат труд (%): | 12,5%/25 г | 12,5%/25 г | 12,5%/25 г |
| додаток по основ на раководење: | нема | нема | 0,44 |
| додаток по основ на услови за работа ( % ): | нема | нема | 4% |
| прекувремена работа ( % ): | нема | нема | нема |
| додаток за ноќна работа (%) | нема | нема | нема |
| додаток во три смени (%) | нема | нема | нема |
| додаток во орг.единица за ИМП (%) | нема | нема | нема |
| додаток за обично дежурство ( % ): | 155% | 155% | 155% |
| бр на часови за кои се плаќа обично дежурство | 8 | 8 | 8 |
| вкупен број пресметани и исплатени часови за обично дежурство | 48 | 8 | 8 |
| додаток дежурство во викенд и празник ( % ): | 207% | 207% | 207% |
| бр на часови за кои се плаќа дежурство во викенд и празник | 16 | 16 | 16 |
| вкупен број пресметани и иплатени часови за дежурство во викенд и празник | 16 | 32 | 16 |
| додаток без остварен повик и ангажирање ( % ): | нема | нема | нема |
| додаток за остварен повик и ангажирање ( % ): | нема | нема | нема |
| приправност | 84% | 84% | 84% |
| вкупен број пресметани и иплатени часови за приправност | 52 | 52 | 52 |

На 16.03.2022 година назначен е нов медицински директор. Од тие причини во пресметката на плата на претходниот медицински директор се појавува додаток за раководење и додаток по основ услови за работа (како раководител на оддел).

**Медицински директор - Решение за плата број 0402-183/6 со дата 21.03.2022 година**

| Вредност на бод 14.090 | март | април | мај | јуни | јули | август | септ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на ефективни часови** | 161 | 147 | 154 | 154 | 147 | 161 | 154 |
| коефициент на сложеност: | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 |
| минат труд (%): | 5%/10г | 5%/10г | 5,5%/11г | 5,5%/11г | 5,5%/11г | 5,5%/11г | 5,5%/11г |
| додаток по основ на раководење: | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток по основ на услови за работа ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| прекувремена работа ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток за ноќна работа (%) | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток во три смени (%) | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток во орг.единица за ИМП (%) | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток за обично дежурство ( % ): | 155% | 155% | 155% | 155% | 155% | 155% | 155% |
| бр на часови за кои се плаќа обично дежурство | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | **16** |
| вкупен број пресметани и исплатени часови обично дежурство | 8 | 24 | 24 | 24 | 48 | 24 | 48 |
| додаток дежурство во викенд и празник ( % ): | 207% | 207% | 207% | 207% | 207% | 207% | 207% |
| бр на часови за кои се плаќа дежурство во викенд и празник | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 |
| вкупен број пресметани и иплатени часови дежурство во викенд и празник | 48 | 16 | 16 | 16 | 32 | 32 | 16 |
| додаток без остварен повик и ангажирање ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток за остварен повик и ангажирање ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| приправност | нема | нема | нема | 84% | 84% | 84% | 84% |
| вкупен број пресметани и иплатени часови за приправност | нема | нема | нема | 52 | 52 | 52 | 52 |

Во контролираната пресметка за март 2022 година на новиот медицински директор му се пресметани и исплатени 16 часа викенд дежурство на коефициент 8,070 како директор наместо како доктор специјалист.

**Организациски директор - Решение за плата број 04-2/585 со дата 24.07.2019 година**

| **Вредност на бод 14.090** | јануари | февр. | март | април | мај | јуни | јули | август | септ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на ефективни часови** | 168 | 160 | 184 | 168 | 176 | 176 | 168 | 184 | 176 |
| коефициент на сложеност: | 6,379 | 6,379 | 6,379 | 6,379 | 6,379 | 6,379 | 6,379 | 6,379 | 6,379 |
| минат труд (%): | 5%/10 г | 5%/10 г | 5%/10 г | 5%/10 г | 5%/10 г | 5%/10 г | 5%/10 г | 5,5%/11г | 5,5%/11г |
| додаток по основ на раководење: | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток по основ на услови за работа ( %): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| прекувремена работа ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток за ноќна работа ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток во три смени ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток во орг.единица за ИМП | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток за обично дежурство ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| бр на часови за кои се плаќа обично дежурство | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| Вкупен број пресметани и исплатени часови обично дежурство | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток дежурство во викенд и празник | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| бр на часови за кои се плаќа дежурство во викенд и празник | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| Вкупен број пресметани и иплатени часови дежурство во викенд и празник | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток без остварен повик и ангажирање ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток за остварен повик и ангажирање | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |

Коефициентот на сложеност во контролираните пресметки е во согласност со колективниот договор.
Платата во контролираниот период се пресметува, односно вредноста на бодот е согласно Спогодбата за утврдување најниска плата во здравствената дејност (14.090,00 денари).

Основната плата се пресметува правилно (коефициент на сложеност х 14.090,00 денари).

За секоја година работен стаж се пресметува 0,5% додаток на основната плата, согласно колективниот договор.

Не е констатирано зголемување на основната плата заради работа во услови потешки од нормалните за соодветното работно место во контролираните пресметки.
Во контролираните пресметки на медицинскиот директор констатирано е пресметување додаток за дежурство и приправност.
Според списоците за дежурства по месеци, во кои се наведени датумите на дежурства, со потпис на одговорното лице и рапортната книга за дежурства, врз основа на кои се

пресметуваат часовите за исплата на истите, констатирано е дека бројот на часови исплатени за дежурство соодветствува со бројот на часови евидентирани во истите, освен во месеците март и април 2022 година каде е констатирана разлика помеѓу исплатените и евидентираните часови. Добиено е појаснување дека во пресметикте за плата во март 2022 година направена е грешка во внесувањето на пресметаните саати, бидејќи пресметаните саати се за несоодветен месец односно во пресметката е земен календарот од месец април, а исплатата се однесува за месец март. Поради тоа направени се грешки во пресметковните саати за датите кога биле дежурни. За истите правена е исправка во саатнината на дежурствата во месец април.

Додатокот за дежурство во контролираниот период во редовните работни денови (од понеделник до петок) се пресметува и исплаќа за 8 часови од дежурството со 155% од саатнината за редовните работни денови (од понеделник до петок) освен за септември во кој се пресметува и исплаќа за 16 часови од дежурството со 155% од саатнината за редовните работни денови (од понеделник до петок), а за дежурство во викенд и празник, во сите контролирани месеци, се пресметуваат и исплаќаат 16 часа од дежурството со 207% од саатнината за редовните работни денови (од понеделник до петок) согласно колективен договор, освен септември.

На контролата и е доставен документ "Укажување за пресметка" заведен под архивски број 0302-603/1 со дата 03.10.2022 година, донесен од директорите на ЈЗУ во кој е наведено дека основ за пресметка на додатокот за дежурство е празнична саатнина. Истото се применува со септемвриската плата 2022 година (се пресметува и исплаќа за 16 часови од дежурството со 155% од саатнината за редовните работни денови (од понеделник до петок). Во Поединечниот колективен договор е наведено "Додатокот за дежурство во редовните работни денови (од понеделник до петок) ќе се исплаќа на дежурните доктори за 8 часови од дежурството со 155% од саатнината за редовните работни денови (од понеделник до петок), а за дежурство во викенд и празник на дежурните доктори ќе им се исплаќаат 16 часа од дежурството со 207% од саатнината за редовните работни денови (од понеделник до петок)". Контролата не може со сигурност да се произнесе за исправноста на пресметаните часови за дежурство во работни денови, за септември.

Во периодот јануари - септември 2022 година медицинските директори не користеле годишен одмор и немаат службени патувања.

Во контролираните пресметки на плата не е констатирано пресметување часови за боледување.

На ЈЗУ се исплаќа приправност за директори и доктори за кои се изготвува список за приправност за тековниот месец и истата се пресметува понеделник/петок 8 часа, а за викенд/празник 16 часа. Има и денови каде се дели приправноста на двајца доктори и за истите се исплатува пола приправност односно 4 часа. Добиено е појаснување од лицето одговорно за пресметување плата дека приправноста се исплаќа по склучен анекс на колективен договор бр.0307-173/1 од 07.02.2019 година по член 3 точка 1 во кој е наведено "за доктор во приправност за време на дежурство се утврдува додаток на плата во износ од 84% од саатнината на редовните работни денови (од понеделник до петок)". Приправноста се исплаќа во целост без разлика дали наведениот директор или доктор има потреба да биде присутен на клиниката или не. Контролата не може со сигурност да се произнесе за исправноста на пресметаните часови за приправност.

Не е констатирано пресметување и исплата на додаток за работа ноќе, работа во недела, прекувремена работа во контролираните пресметки.

Скопје, 03.11.2022 година

Финансиски контролори

Горан Симоновски

Сатки Деари

Директор на сектор за финансиски прашања

Миле Сугарев